Врз основа на член 19 и член 54 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ, бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015 и 192/2015, и Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 209/2011) и член 25 и 48 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Управниот одбор на ИОРРМ, на предлог на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор, на ден 26.11.2015 година го донесе следниот

# Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор

**Член 1**

Во Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор, член 16 се менува и гласи:

‘Кандидатите можат од Комисијата да побараат Извештај за оценувањето и увид во сопствената испитна тетратка, во рок од 5 (пет) работни дена од добивање на известувањето со резултатите од полагањето. Извештајот за оценувањето го одобрува Комисијата.

Кандидатите имаат право на приговор во рок од 5 (пет) работни дена по добивање на Извештајот за оценувањето. Комисијата одлучува по доставениот приговор и за својата одлука го известува Управниот одбор на ИОРРМ и кандидатот кој го поднел барањето.’

**Член 2**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор влегува во сила на денот на усвојувањето од страна на Управниот одбор на ИОРРМ, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

**Борислав Атанасовски**
**Претседател на ИОРРМ**